Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Мај

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вовед во пеење и свирење по нотен запис (тонови сол1, ми1, ла1, ре1, до1; ритам - четвртина нота, четвртина пауза, тактирање) | Пее со тактирање и свири на мелодиски инструменти елементарни мелодиски вежби со изучените тонови и четвртини ноти и паузи по нотен запис | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Да се потсетиме:<br><br><br>Преку мелодиската вежба учениците се потсетуваат на нотите, нивната местоположба на петолинието.<br>Наставникот покажува и мелодиска вежба преку која учениците се потсетуваат за четвртина нота и пауза:<br><br>Учениците ја пеат мелодиската вежба и ја тактираат. Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците тактираат и свират на мелодиски инструменти елементарни мелодиски вежби со изучените тонови и четвртини ноти и паузи по нотен запис<br>Вежба 1:<br><br> | дводимензионални отпечатоци - непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации); прибор за пишување, боење блок | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вежба 2:<br><br><br>Вежба 3:<br><br><br>(Наставникот применува една, две или три вежби во зависност од можностите на учениците). (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците по сопствен избор ликовно се изразуваат по една од | | |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | мелодиските вежби. (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што научивме денес? Како се чувствувате? Дали успешно свиревте по нотен запис? Дали правилно тактиравте по даден нотен запис? Што ви беше потешко? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Мај

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови музика (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор) | Наведува најмалку еден композитор на класичната музика. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Композитор е... преку бура на идеи учениците се искажуваат за поимот композитор, а наставникот ги запишува исказите. Кои видови музика ги знаете? Учениците ги набројуваат видовите музика (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика). Учениците се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Се игра играта „Музичка меморија“. Наставникот демонстрира аудио и видео снимки од карактеристични делови од композиции од класичната музика, а учениците препознаваат за која композиција се работи и се обидуваат да го погодат името на авторот (за класична музика), и го запишуваат.<br>(https://www.youtube.com/watch?v=rDdcw_p3eJg- Чајковски: Лебедово езеро - Танцот на малите лебеди (вовед во балет)<br>https://www.youtube.com/watch?v=cXEy_UfSgCU Сен-Санс: Лебед<br>https://www.youtube.com/watch?v=GRxofEmo3HA – Вивалди: Четири годишни времиња...Примери на композиции кои можат да бидат користени при реализација на содржината) (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Со учениците се игра игра: „Млади композитори“<br>На дадена мелодија<br><br><br>учениците се обидуваат да го компонират следниот текст:<br>„Пеам, свирам, компонирам, | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>маркер, табла, нотна тетратка прибор за пишување | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Моцарт јас го имитирам,<br>композитор дал ќе бидам,<br>цел свет сакам да го видам.<br>Учениците ја пеат мелодија со дадениот текст.<br>Учениците ја свират мелодијата на детски музички инструмент (Блок флејта) (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Како се чувствувавте? Дали наведувате барем еден композитор на класичната музика? Дали успешно компонирате текст на дадена мелодија? Што ви беше најтешко? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | |  |



resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички изразни средства (мелодија, ритам, метар, бавно/брзо/ умерено, високи/ниски тонови, гласно/тивко, поврзано/ отсечно) | Идентификува аудитивни контрасти (високо/ниско, кратко/долго, бавно/брзо/ умерено, гласно/тивко, поврзано/ отсечно). | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот презентира две слики – кенгур и лебед. Ги поттикнува учениците да ги препознаат и да кажат кои информации ги знаат за нив. Наставникот дополнува со интересни информации. (Кенгурот е најголемо животно кое може да скока. Живее во Австралија. Може да скока со брзина од 70 км на час. Може да прескокне со еден скок растојание до 9 метри. Мајката кенгур на предниот дел од телото има џеб во кој го носи своето малечко додека не потпорасне. Лебедот е бела грациозна птица. Белата снежна боја на перјата ја добива околу третата година од своето раѓање. Може да лета, но најчесто плови по водната површина. Своето гнездо го прави веднаш до водата или на самата вода. Гнездото го прави од растенија и го обложува со пердуви.) Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот им објаснува на учениците дека постојат композиции за кенгур и лебед. Потоа ги насочува учениците да се подготват за слушање музика и да почувствуваат како со тонови може да се претстават карактеристиките на животните. Го запишува насловот на композициите и името на композиторот на табла, а учениците ги запишуваат во тетратките. По првото слушање, учениците преку говорна вежба ги искажуваат своите чувства. Учениците уште еднаш ја слушаат композицијата, со дадени насоки на што треба да обрнат внимание: Какви се тоновите, поврзани или отсечни? Со каква брзина се изведува композицијата? Зошто е тоа така (поврзано со насловот)? Со која јачина се изведува композицијата? Кои инструменти ја изведуваат композицијата?<br>Сен-Санс: Лебед -https://www.youtube.com/watch?v=cXEy_UfSgCU | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>табла<br>маркер<br>работен лист<br>прибор за пишување, боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| <br>ОТСЕЧНО/ПОВРЗАНО<br>1. Слушни ги двете композиции и пополни ја табелата.<br>наслов и композитор / Со кој инструмент(и) се изведува? / карактер / темпо / Дали изведбата е со отсечни или со поврзани тонови?<br>„Лебед" - К. Сен-Санс<br>„Кенгур" -К. Сен-Санс<br>2. Поврзи ги точките. | | | На ист начин се слуша и втората композиција Кенгур. Се потенцира да се воочат отсечните тонови наспроти поврзаните. Наставникот ги поттикнува учениците да ги воочат контрастите (поврзано – кенгурот одмара, отсечно – кенгурот скока. Учениците го воочуваат и инструментот, темпото (брзо, бавно, умерено), динамиката (тивко, гласно).<br>Сен-Санс: Кенгур https://youtu.be/8gjNhJ7l7Mk<br>При повторно слушање на двете композиции учениците изведуваат движења. (Се потенцира начинот на изведување на движењето: поврзано – отсечно) (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците пополнуваат работен лист од Прирачникот со материјали за учење за трето одделение за Музичко образование. (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што учевме денес? Како се чувствувате? Кои композиции ги слушавме денес? Дали композициите се пеат или се свират? Во која композиција имаше отсечно свирење? Зошто? На кој начин е изведена композицијата Лебед? (Поврзано) Какво е темпото во првата и втората композиција? Каква е динамиката? ...<br>(Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |

"